РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
Бр. 1015-14685/1
06-11-2019 год.
СКОПЈЕ

НЕОКОМ АД увоз-извоз
Бр. 0307-403/1
04.11.2019 год
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
# ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА НАДГРАДБА, МОДЕРНИЗИРАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ДМС

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **Агенција за катастар на недвижности** ул. „Трифун Хаџи Јанев" бр. 4 Скопје, застапувана од **директорот Борис Тунџев**, во понатамошниот текст „Договорен орган" од една страна

и

2. **Друштво за информатички инженеринг НЕОКОМ АД увоз-извоз Скопје,** со седиште на Бул. „Кузман Јосифовски-Питу" бр. 15 Скопје, застапувано од **директор/управител Владислав Попов** со жиро-сметка бр. 300-000001718197 депонент на Комерцијална банка и даночен број МК4030993101002 во понатамошниот текст „Носител на набавката" од друга страна.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој договор е надградба, модернизирање и одржување на ДМС согласно со Техничка спецификација бр. 1034-256/2 од 13.09.2019 година, по спроведена поедноставена отворена постапка, Оглас бр. 07804/2019 објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 189/19 од 13.09.2019 година и Понуда пратена по електронски пат преку ЕСЈН од 01.10.2019 година.

## III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Договорот и другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот, се на македонски јазик.

Целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на македонски јазик.

## IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Вредноста на Договорот без ДДВ изнесува **2.000.000 (два милиони)** денари. Вредноста на ДДВ (**18 %** од проценетата вредност) изнесува **360.000 (триста и шеесет илјади)** денари.

## V. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Времетраењето на Договорот е **12 (дванаесет) месеци** почнувајќи од денот на склучувањето.

## VI. ГАРАНЦИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 5

Носителот на набавката го гарантира навременото и квалитетното извршување на Договорот со доставување банкарска гаранција.

Висината на банкарската гаранција изнесува 10 % од вредноста на Договорот со вклучен ДДВ.

Гаранцијата се наплаќа во следните случаи:

- во случај на несовпаѓање на техничките и квалитативните карактеристики на испорачаната стока/и верификувано од субјектот кој ќе врши контрола на квалитетот на испорачаната стока/и;
- во случај на раскинување на Договорот по вина на Носителот на набавката.

**Носителот на набавката ја доставува гаранцијата за извршување на Договорот во рок од 5 (пет) дена од приемот на склучениот Договор.**

**Ако Носителот на набавката не ја достави банкарската гаранција во договорениот рок, Договорниот орган може еднострано да го раскине Договорот.**

Гаранцијата за извршување на договорот, во услови на навремено и квалитетно извршување на Договорот, му се враќа на Носителот на набавката во рок од 14 дена по целосното извршување на Договорот.

## VII. ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 6**

Во случај на доцнење со извршување на предметот на Договорот, од страна на Носителот на набавката, Договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна.

Доколку Носителот на набавката не ја изврши услугата во роковите определени во член 7 од овој договор, тој е должен да му исплати на Договорниот орган договорна казна во висина од 0,3 % од вредноста на неизвршените услуги за секој ден на задоцнување, но не повеќе од 5 % од вкупната цена определена со член 3 од овој договор.

## VIII. РОКОВИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

**Член 7**

Во рамките на одржувањето потребно е да се изготвуваат редовни месечни извештаи, како и по потреба отстранување на настанати грешки и прекини дефинирани според следниве критериуми:

П1: Има испад или постои критично влијание на работењето на Агенцијата за катастар на недвижности поради испад на базата или апликација;

П2 (Критичен дефект): Управувањето на постојниот систем е деградирано во голема мера или е извршено негативно влијание врз значајни аспекти на работењето на Агенцијата за катастар на недвижности како резултат на неприфатливо функционирање на база на апликацијата;

П3 (Значаен дефект): Агенцијата за катастар на недвижности може да го користи софтверот со определени ограничувања кои не се од витално значење за целосната работа, дефектот може да се заобиколи и не влијае на употребливоста на апликацијата;

П4 (Мал дефект): Агенцијата за катастар на недвижности може лесно да го надмине овој дефект и да продолжи да ја користи апликацијата без никакви проблеми.

Времето на одзив во текот на работно време се определува во согласност со категориите на дефектот врз основа на табелата што следува:

| Приоритет | Онлајн време за реакција* | On-site време за реакција | Време за неутрализација | Време за разрешување |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 1 час | 4 часа | 24 часа | 36 часа |
| 2 | 2 часа | 6 часа | 36 часа | 7 дена |
| 3 | 4 часа | 16 часа | 48 часа | 21 ден |
| 4 | 8 часа | 72 часа | 10 дена | 30 дена |

*Онлајн време за реакција по одобрување од страна на АКН, со контролирано време на најава.

## IX. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

### Член 8

Носителот на набавката е должен да ги исполни обврските според предвиденото време и одреденото место со овој договор.

Носителот на набавката ја извршил обврската од став 1 на овој член, по правило, кога поволностите на системот се ставени на располагање на Договорниот орган.

### Член 9

Носителот на набавката е должен да ги исполни обврските за потребите на Договорниот орган на начин и состојба согласно со барањата во техничката спецификација.

### Член 10

Носителот на набавката е должен проактивно да ги решава софтверските проблеми, во согласност со дефинициите на приоритети, со дефинирани процедури за пријавување на проблемите содржани во техничките спецификации.

Активности кои се по повик и кои се дел од превентивното одржување, се наведени подолу:

- следење на софтверското решение и дијагностицирање на неговата моментална состојба, односно препознавање на сите евентуални технички и системски дефекти и нивно проактивно разрешување;
- отстранување на детектирани грешки;
- оптимизирање и приспособување поради зголемено оптоварување;
- оптимизирање на компоненти заради подобро работење;

- интервенции во податоците за отстранување на настанатите грешки во податоците заради проблемите предизвикани од грешка во податоците или од ненамерна грешка при рутинска работа на корисниците;
- отстранување грешки направени од Носителот на набавката при развојот на кодот;
- одржување, вклучително и тестирање, следење, приспособување и замена на модули со цел спречување на потенцијални испади на системите;
- мерење, снимање и анализа на релевантни параметри и преземање соодветни мерки со цел да се обезбеди оптимална и доверлива работа на софтверското решение и минимизирање на можноста од дефект;
- решавање проблеми врз база на пријавени инциденти на софтверското решение;
- консултации поврзани со користење на апликативниот софтвер;
- достапност на услугите е во работни денови и во работно време од 8:00 до 16:30, модел 8 x 5;
- интервенциите се прават on-site или онлајн по одобрување од страна на АКН, со контролирано време на најава;
- преглед на сите релевантни записи (log) на системот;
- месечна проверка на конзистентноста на базата на податоци, индексите и нејзина проверка (еднаш во месецот и по потреба);
- месечна резерва (backup) и контрола на сервис записите (log) од пресметките и нивно архивирање заради зачувување на дисков простор (еднаш во месецот);
- асистенција и помош за верификација и отстранување на настанати проблеми при редовното користење на софтверот;
- отстранување на постоечката верзија и инсталирање на најновата достапна верзија развиена од страна на понудувачот (ad-hoc).

**Член 11**

Носителот на набавката е должен да обезбеди надградба и модернизирање на ДМС со следните функционалности:

1. Воведување контрола при процесот на одобрување документ во склоп на работниот процес (работен процес број 2). Документот да мора да биде потпишан со дигитален сетификат од лицето кое е назначено за одобрување на документот (според метаподаток од дигиталниот

сертификат со податок од лицето кое е најавено во системот и кое е назначено за одобрување на документот).

2. Контрола при заведување во електронскиот деловодник на документи кои пристигнуваат во архивата на АКН од некоја од останатите архиви (ЦКН или подрачните одделенија). Контролата подразбира проверка и известување (алерт) доколку веќе постои заведен документ во деловодникот на АКН со ист деловоден број и датум од испраќачот (ЦКН или подрачни одделенија).

3. При заведување на документот во попис на акти да се овозможи додавање на придружни документи (дополнителни документи кои се доставуваат во прилог) под истиот деловоден број.

4. Приспособување и надградба на веб-сервис за архивирање документи од други системи во АКН:
   - АКН ГИС-портал;
   - Дистрибутивен систем на АКН – One stop shop portal (OSSP);
   - Систем за управување со ресурси - ERP.

5. Промена на верзијата (upgrade) на Alfresco верзија 5.2 или понова.

6. Оптимизирање на брзината на пребарување до издвојување на серверот за индексирање на посебен виртуелен сервер.

7. Дополнителни непредвидени надградби:
   согласно со своите потреби, промени во интерни процедури на деловодно работење или евентуални законски измени, АКН ќе има потреба од непредвидени надградби на ДМС-системот. Поради тоа е потребно да се предвидат работни часови со кои ќе се извршува овој тип надградби на ДМС-системот.

### Член 12

Сите надградби на ДМС-системот мора да бидат компатибилни со постоечкото системско опкружување и со постоечката инфраструктура (системско опкружување и други инфраструктурни компоненти) на кои се однесуваат постоечките решенија.

Сите корекции треба да бидат изработени така што ќе бидат:

- модуларни (можат да се употребат во различни делови од системот, односно да се употребуваат веќе развиени или новоразвиени компоненти за одредени функционалности - истата функционалност не се повторува во различен код);
- параметризирани (сите динамични делови мора да бидат определени во параметрите и шифрантите, текстовите и пораките за корисникот мора да бидат во најголема можна мера независни од самиот код, така што ќе може да ги дополни, односно да ги поправа и нарачателот (без интервенција во кодот);
- скалабилни (поддршка на истовремено работење на повеќе сервери).

**Член 13**

Сите обврски за превентивно одржување од член 10 од овој договор ќе се извршуваат само по барање на Договорниот орган и се извршуваат додека трае гарантниот период од една година

## X. ИЗВОРЕН КОД, ДОКУМЕНТАЦИЈА И РАЗВОЈНА ОКОЛИНА

**Член 14**

Договорниот орган ќе биде сопственик на изворниот код на предметното софтверско решение и тој го задржува правото за понатамошни измени и надградби на изворниот код за свои потреби.

Носителот на набавката по истекот на Договорот треба да му го достави целиот изворен код на ЦД на Договорниот орган.

Носителот на набавката ќе подготви пишана изјава дека во случај да биде избран во тендерската процедура, се согласува да го испорача изворниот програмски код од апликациите, како и целосната техничка документација на Договорниот орган.

Договорниот орган има право да ја пренесува сопственоста врз наведениот изворен код на трети субјекти. Изворниот код мора да биде соодветно документиран и спакуван во форма која за корисникот ќе овозможи лесно одржување и понатамошен развој или надградба на софтверската апликација.

## XI. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 15**

Договорниот орган е должен да ја плати договорената цена на Носителот на набавката во рок од 60 (шеесет) дена од денот на доставувањето на фактурата од страна на Носителот на набавката, пополнета на начин пропишан со тендерската документација.

**Член 16**

Договорниот орган е должен да ги изврши сите потребни дејства за да биде возможно извршувањето на Договорот.

## XII. ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

**Член 17**

Носителот на набавката се обврзува трајно и во тајност да ги чува сите лични податоци кои ги обработува при имплементација и одржување на системот согласно со прописите за заштита на личните податоци и внатрешните акти на Договорниот орган кои се однесуваат за заштита на личните податоци.

**Член 18**

Носителот на набавката во улога на обработувач на личните податоци е должен при одржувањето на системот да донесе и да примени соодветни технички и организациски мерки за заштита од случајно или незаконско уништување на личните податоци или нивно случајно губење, преправање, неовластено откривање или пристап, како и за заштита при нивниот пренос и од какви било незаконски облици на обработка.

**Член 19**

Носителот на набавката во улога на обработувач на личните податоци при одржувањето на системот е должен да постапува единствено во согласност со упатствата добиени од страна на Договорниот орган кој се јавува во својство на контролор на податоците.

**Член 20**

Носителот на набавката е должен да овласти лица од редот на своите вработени за обработка на личните податоци при одржувањето на системот.

Лицата од став 1 на овој член се должни:

- да бидат запознаени со начелата за заштита на личните податоци пред да добијат пристап до личните податоци;

- да вршат обработка на личните податоци согласно со упатствата добиени од Договорниот орган, освен ако со закон поинаку не е уредено;

- да ги чуваат како доверливи личните податоци, како и мерките за нивна заштита.

Лицата од став 1 на овој член се должни своерачно да потпишат Изјава за тајност и заштита на личните податоци согласно со прописите за заштита на личните податоци.

**Член 21**

Договорните страни се должни да водат евиденција за лицата овластени за вршење обработка на личните податоци при одржувањето на системот што содржи:

- име и презиме на овластеното лице,
- датум на издавање, рок на важење, како и обем на овластувањето за пристап до личните податоци, и
- начин на пристап до податоците.

**Член 22**

Договорниот орган има право да врши периодична проверка со најава или без најава на постапувањето на Носителот на набавката при обработката на личните податоци.

## XIII. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 23**

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

## XIV. ВИША СИЛА

**Член 24**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој договор до кое би дошло заради виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради виша сила, должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на пречките од вишата сила, Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

## XV. ОДГОВОРНОСТ ЗА НЕДОСТАТОЦИТЕ

**Член 25**

Носителот на набавката одговара за недостатоците на стоката/ите утврдени по нејзиното извршување.

**Член 26**

Недостаток постои:

1) ако стоката/ите ги нема или не ги обезбедува потребните својства за нејзина редовна употреба;

2) ако стоката/ите ги нема потребните својства за особената употреба за која ја набавува Договорниот орган, а која му била позната на Носителот на набавката или мора да му биде позната;

3) ако стоката/ите ги нема својствата и одликите што се изречно или премолчено договорени, односно пропишани.

**Член 27**

Во известувањето за недостатокот на стоката/ите Договорниот орган е должен подробно да го опише недостатокот и да го повика Носителот на набавката да ја прегледа испорачаната стока.

Ако задоцни или воопшто не стигне известувањето за недостатокот кое Договорниот орган навремено го испратил до Носителот на набавката со препорачано писмо, електронска пошта или на некој друг сигурен начин, се смета дека Договорниот орган ја извршил својата обврска да го извести Носителот на набавката.

**Член 28**

Доколку Договорниот орган навремено и уредно го известил Носителот на набавката за недостатокот, може:

1) да бара од Носителот на набавката да го отстрани недостатокот;

2) да бара намалување на цената; и

3) да изјави дека го раскинува Договорот.

Во секој од овие случаи Договорниот орган има право и на надомест на штетата.

Носителот на набавката му одговара на Договорниот орган и за штетата што ја претрпел на другите свои добра поради недостаток на стоката/ите, и тоа според општите правила за одговорноста за штета.

**Член 29**

Договорниот орган може да го раскине Договорот само ако претходно му определил на Носителот на набавката **дополнителен примерен рок од 5 (пет) дена** за исполнување на Договорот.

Договорниот орган може да го раскине Договорот и без определување дополнителен рок ако Носителот на набавката, по известувањето за недостатоците, му соопштил дека нема да го исполни Договорот или ако од околностите на конкретниот случај очигледно произлегува дека Носителот на набавката не ќе може да го исполни Договорот ни во дополнителниот рок.

Член 30

Ако Носителот на набавката не ги исполни обврските предвидени во член 7 и член 8 од овој договор, Договорниот орган може да го раскине Договорот или да ја намали цената и да бара надомест на штета.

## XVI. НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

Член 31

Договорните страни се должни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој договор.

Доколку една од договорните страни не ја исполни обврската или ќе задоцни со нејзиното исполнување, другата договорна страна има право да бара и надомест на штетата што ја претрпела поради тоа.

За штетата поради задоцнување со исполнувањето, одговара договорната страна на која другата договорна страна ѝ определила примерен дополнителен рок за исполнување.

Договорната страна одговара и за делумната или целосната невозможност за исполнување иако не ја криела таа невозможност ако настапила по нејзино доаѓање во задоцнување за кое одговара.

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека тоа што е предмет на обврската случајно би пропаднало и кога таа својата обврска би ја исполнила навреме.

Член 32

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека не можела да ја исполни својата обврска, односно дека задоцнила со исполнувањето на обврската поради околности настанати по склучувањето на Договорот кои не можела да ги спречи, да ги отстрани или да ги избегне.

Член 33

Одговорноста на договорната страна за намерата или крајното невнимание не може однапред да се исклучи со договор.

Судот може, по барање од заинтересираната договорна страна, да ја поништи и договорната одредба за исклучување на одговорноста за обично невнимание, ако таквата спогодба произлегла од монополската положба на договорната страна или воопшто од нерамноправниот однос на договорните страни.

**Член 34**

Договорната страна која е должна да ја извести другата страна за фактите што се од влијание врз нивниот меѓусебен однос, одговара за штетата што ќе ја претрпи другата страна поради тоа што не била известена навреме.

## XVII. РЕШАВАЊЕ СПОРОВИ

**Член 35**

Сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

## XVIII. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 36**

Доколку една од договорните страни не ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврските или да го раскине Договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

**Член 37**

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од Договорот, другата страна може да го раскине Договорот и да бара надомест на штетата.

**Член 38**

Кога во Договорот со последователни обврски (сукцесивно извршување), Носителот на набавката не ја исполни својата обврска од Договорот, Договорниот орган може во разумен рок да го раскине Договорот во поглед на сите идни обврски ако од дадените околности е очигледно дека и тие нема да бидат исполнети.

Договорниот орган може да го раскине Договорот не само во поглед на идните обврски туку и во поглед на веќе исполнетите обврски, ако нивното исполнување без изостанатите исполнувања не е од интерес за него.

**Член 39**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува Договорот, должна е тоа да ѝ го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

## XIX. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 40**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување, должна е своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување договор за изменување и дополнување на основниот договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 41**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без заемна писмена согласност.

**Член 42**

Овој договор е составен во 6 (шест) примероци, од кои Договорниот орган задржува 4 (четири) примероци, а 2 (два) примерока се за Носителот на набавката.

| ДОГОВОРЕН ОРГАН | НОСИТЕЛ НА НАБАВКА |
|---|---|
| АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ Скопје | НЕОКОМ АД СКОПЈЕ |
| ДИРЕКТОР | УПРАВИТЕЛ ДИРЕКТОР |
| м-р Борис Тунџев | Владислав Попов |

Изработил: Лидија Попова
Контролирал: Дончо Каратанев
Одобрил: Сашо Бошески

комерцијална банка ад скопје

Орце Николов 3, 1000 Скопје, п.фах 563
т: +389 2 3168 168, контакт центар: +389 2 3296 800
SWIFT: KOBSMK2X
e-mail: contact@kb.com.mk, www.kb.com.mk

**Корисник на гаранцијата:**
**Агенција за катастар на недвижности**
**ул. Трифун Хаџи Јанев бр.4, 1000 Скопје**

**01.11.2019**

**Г А Р А Н Ц И Ј А бр. 68392.9**
**за навремено и квалитетно извршување на работите**

**Комерцијална Банка АД Скопје, ул. Орце Николов бр. 3, 1000 Скопје** (во понатамошниот текст: „Гарант") е информирана дека Вие, **Агенција за катастар на недвижности, ул. Трифун Хаџи Јанев бр.4, 1000 Скопје** (во понатамошниот текст „Корисник на гаранцијата") и **Друштво за информатички инженеринг НЕОКОМ АД увоз-извоз Скопје** (во понатамошниот текст: „Бaрател на гаранцијата") **ќе склучите Договор за јавна набавка на надградба, модернизирање и одржување на ДМС, врз основа на Одлука за избор на најповолен понудувач во поедноставена отворена постапка бр.07804/2019, донесена од страна на Корисникот на гаранцијата на ден 17.10.2019 година** (во понатамошниот текст „Договор").

Согласно Договорот, Барателот на гаранцијата треба да достави гаранција за навремено и квалитетно извршување на работите во корист на Корисникот на гаранцијата.

Во врска со тоа, Комерцијална Банка АД Скопје како Гарант, гарантира на Корисникот на гаранцијата до максимален износ од:

**ДЕН.236.000,00**
(со зборови: двесте триесет и шест илјади денари)

дека Барателот на гаранцијата навремено и квалитетно ќе ги изврши обврските според условите предвидени во Договорот, наведен во став 1 од оваа гаранција.

Гаранцијата се издава со рок на важност до **04.11.2020 година, заклучно со 16:00 часот.**

Доколку Барателот на гаранцијата не ги исполни своите обврски согласно Договорот цитиран во став 1 од оваа гаранција, Гарантот се обврзува безусловно и на прв писмен повик на Корисникот на гаранцијата да го исплати било кој износ до гарантираниот износ од став 2 на оваа гаранција.

Гаранцијата може да се протестира за наплата до датумот на важност на гаранцијата, со доставување на писмено Барање за плаќање и Изјава од Корисникот на гаранцијата (која може да биде содржана и во самото Барање) до Гарантот во која е наведено дека Барателот на гаранцијата не ги исполнил своите обврски предвидени во Договорот, како и гарантираната обврска која не ја исполнил. Во прилог на Барањето и Изјавата од Корисникот (која може да биде содржана и во самото Барање), заверени со печат и потпишани од овластено лице на Корисникот на гаранцијата, а кои мора да бидат примени во архивата на Гарантот до датумот на важност на гаранцијата, задолжително се доставува и оригиналниот примерок на гаранцијата, заедно со сите анекси издадени по истата.

Банката ќе изврши плаќање по прием на Барање за плаќање поднесено од страна на Корисникот на гаранцијата согласно условите на гаранцијата во рок од 5 работни дена.

По истекот на рокот на важност на гаранцијата, истата истекува во целост и автоматски, независно дали оригиналниот примерок на гаранцијата е вратен на Гарантот. Гаранцијата престанува да важи и пред истекот на рокот на важност, доколку оригиналниот примерок на гаранција му биде вратен на Гарантот, заедно со сите анекси издадени по истата и/или врз основа на нотарски заверена писмена Изјава со печат и потпис од овластено лице на Корисникот на гаранцијата, со која целосно се ослободува Гарантот од обврските по гаранцијата.

За секое извршено плаќање по оваа гаранција од страна на Гарантот, обврската на Гарантот се намалува за исплатениот износ. Доколку Корисникот на гаранцијата поднесе Барање за плаќање за дел од износот на гаранцијата, по извршеното плаќање Корисникот на гаранцијата, во просториите на Гарантот, има право да го подигне поднесениот оригинален примерок од гаранцијата и сите примероци од анексите издадени по истата, заедно со писмено известување од страна на Гарантот за износот на останатото салдо на гаранцијата.

Гаранцијата се издава за Корисникот на гаранцијата во 1 (еден) оригинален примерок.

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ

Директор на Дирекција — М-р Наташа Стоименова

Директор на Сектор — Б.Максимовска-Поповиќ

Комерцијална банка АД Скопје 19